Прирачник за Учители

4

# Искушение

## Подготовка и одговор на искушенијата



ГПНЖ

Групни Проучувања за Нов Живот

# Искушение

Подготовка и одговор на искушенијата

Од Давид Бети

Прирачник за Учители

5то Издание

ГПНЖ
Групни Проучувања
за Нов Живот

# Искушение

**Подготовка и одговор на искушенијата**

Прирачник за Учители

5то Издание

Од Давид Бети

Библиските стихови употребени во овој курс се од следните преводи на Библијата.

Стиховите означени со NLT се од Holy Bible, New Living Translation, copyright 1996, 2004. Употребено со дозвола од Tyndale House Publishers, Inc., Wheaton, Illinois 60189. Библија: (Свето Писмо): Стариот и Новиот Завет/Превод Душан Х. Константинов., copyright 2017: LOUKAS FOUNDATION NETHERLANDS, Сите права се загарантирани.

Copyright © 2022, Teen Challenge USA.

Овој курс во оригиналот е издаден на Англиски со наслов, *Temptation, 5th edition.*

Овие материјали може да се умножуваат и дистрибуираат за употреба во Teen Challenge, слични програми, локални цркви, училишта и други организации и поединци. Исто така, овие материјали може да се симнат од интернет на вебстраната: www.iTeenChallenge.org Оние кои сакаат да ги издаваат и продаваат овие материјали, мора да поседуваат дозвола од Global Teen Challenge, во пишана форма.

Овој курс е дел од материјалот **Групни Проучувања за Нов Живот** наменет за да се користи во црквите, училиштата, во склоп на разни служби во затворите, во Teen Challenge, како и во слични служби кои работат со нови христијани. Овој курс се состои од: Прирачник за Учители, Прирачник за Студенти, Водич за Проучување, Тест и Сертификат. За повеќе информации за овие курсеви, контактирајте со:

Global Teen Challenge
PO Box 511
Columbus, GA, 31902 USA
Email: gtc@globaltc.org
Web: www.globaltc.org and www.iTeenChallenge.org

Предизвик за млади на Македонија
П. Фах 143
1001 Скопје, Македонија
Е-пошта: TCmacedonia@t.mk

Датум на најновото ревидирано издание: 04-2022

# Искушение

Искушението е сосема вообичаен дел од животот на секој христијанин. Главната цел на овој курс е да го запознае новиот христијанин со некои од практичните чекори за справување со искушенијата.

**1**

### Глава 1. Искушенијата во животот на новиот христијанин

Истражуваме што е искушение и како тоа се вклопува во животот на христијанинот. Особено се посветува внимание на тоа да ги откриеме нашите потреби и желби кои се поврзани со областите во кои се соочуваме со искушенија.

**2**

### Глава 2. Процесот со кој се надминуваат искушенијата

Оваа глава расправа за некои практични чекори кои треба да ги употребиме кога се соочуваме со искушенија.

**3**

### Глава 3. Како да бидеш подготвен за искушението

Ова поглавје ни дава практични чекори кои личноста треба да ги преземе за да се подготви за искушенијата. Истражуваме како христијаните можат да се приближат до Бог и да ги исполнат своите потреби на Божји начин. Исто така, разгледуваме како можеме нашите желби да ги насочиме кон она што Му е угодно на Бог. Понатаму, дискутираме и за тоа како да ги спречиме искушенијата.

**4**

### Глава 4. Разбери го неуспехот и справи се со него на Божји начин

Неизбежно е новите христијани некогаш да попуштат, па да им се предадат на некои искушенија и да направат грев. Ние овде истражуваме што се случува со нашиот однос со Бог кога ќе го направиме тоа, и дискутираме за тоа што би требало да направиме откако ќе му се предадеме на искушението.

## Што е вклучено во овој Прирачник за Учители

Прирачникот за учители содржи четири дела. Секој дел е означен со насловна страница.

1. Планови за лекциите – за учителот
2. Прирачник за Студенти
3. Водич за Проучување
4. Завршен Тест & Одговори & Сертификат за Курсот

После воведот, на следната страна, е дадено објаснување за тоа како се употребува секој од горе наведените делови.

# Вовед

Овој курс е еден од серијата курсеви наменети за обука на нови христијани. Ние веруваме дека денес постои голема потреба да им се помогне на новите христијани да ги поврзат учењата на Христос со нивните животи на практичен начин. Овие курсеви можат ефикасно да се користат во склоп на локалната црква т.е. заедница како дел од работа со млади или возрасни кои сакаат христијанството да го направат попрактичен дел од нивниот секојдневен живот.

Главната цел на овој курс, како и на другите курсеви од серијата **Групни проучувања за Нов Живот** е да ги запознае новите христијани со теми кои се од голема важност за нивниот живот. Овде намерата не е да се понуди исцрпно проучување на овие теми.

Одборот за наставна програма при Предизвик за млади – САД, планира да продолжи да ги ревидира овие лекции. Ние сме отворени за било кои критики или идеи кои ги имате за да се унапредат овие материјали. .

## Како се користи овој Прирачник за Учители

### 1. Планови за лекциите - за Учителот

На првите страници од овој дел е даден преглед на целиот курс.

Следната страница е всушност копија од **Список на задачи за класот**. На тој список е наведено кога треба да биде завршен секој од проектите дадени во **Водичот за Проучување - Проекти,** како и кога треба да се зададе секој од квизовите и кога треба да се полага завршниот тест. На почетокот на секој курс од оваа серија курсеви, секој студент треба да добие соодветна информација за овој формулар, како и бланко копија од формуларот. **Списоците на задачи за класот** веќе содржат бланко копија од овој формулар на внатрешната страна од задната корица.

Следно е планот на лекцијата, за секоја од лекциите. Секој план за лекциите содржи Клучна Библиска вистина и Клучен стих. Тие може да им се зададат на студентите на почетокот на часот. Исто, тие може да се искористат за дискусијата во текот на часот да се држи до темата.

Под Клучна Библиска вистина и под Клучен стих има неколку коментари за тоа како да се предава лекцијата. Исто така, многу често, тука учителот се упатува на содржината од Прирачник за Студенти или на проектите во Водичот за Проучување - Проекти.

Секоја лекција завршува со активност наречена "лична примена". Важноста на оваа активност не може да се пренагласи. На новите христијани им треба јасно водство за тоа како да почнат да ги применуваат овие библиски учења во својот секојдневен живот. Погрижи се на часот да одвоиш доволно време за да им помогнеш на твоите студенти да го отпочнат овој процес на лична примена.

На крајот на секој од плановите за лекциите има листа на задачи за студентите.

Повеќето од овие курсеви првично биле така направени, секој да има по пет сесии т.е лекции и секоја сесија да трае по еден час. Последната сесија е наменета за тест. Сите 14 курса од оваа серија може да бидат завршени за период од 3 до 4 месеци, доколку имате по еден час дневно, 5 дена во неделата. Ако имате по еден час - еднаш неделно, тогаш еден курс ќе трае околу еден месец, што значи за целата серија курсеви ќе ви биде потребна околу една година. Многу од овие лекции лесно може да се прошират и да траат подолго од еден час, или една лекција да се подели на неколку сесии.

## 2. Прирачник за Студенти

Прирачник за Студенти може да послужи за две цели. Може да одлучиш студентите да ги прочитаат соодветните страници како подготовка за лекцијата која следува. Или може да одлучиш студентите да ја прочитаат лекцијата по предавањето на истата за да можат да го утврдат она што било поучувано на часот.

Наша препорака е твоите студенти да фаќаат белешки за време на предавањето иако секој од нив има Прирачник за Студенти. Таквите лични белешки, како и дискусијата за време на часот, ќе им ги разјаснат на студентите темите кои се покриени во Прирачник за Студенти.

## 3. Водич за Проучување

Проектите во Водич за Проучување се наменети за студентите да работат самостојно после часовите. Некои од проектите ќе му помогнат на студентот да се подготви за дискусија на следниот час.

Повеќето од проектите се наменети да им помогнат на студентите поблиску да се запознаат со некои од темите кои се дискутираат за време на часот. Главната цел на многу од овие задачи е да им се помогне на студентите да откријат начини на кои ќе можат овие Библиски вистини да ги применат во своите секојдневни животи.

## 4. Завршен Тест & Одговори & Сертификат за Курсот

Тестовите се наменети за на едноставен начин да го измериме напредокот на секој студент во разбирањето на Библиските вистини кои се покриени со овој курс. Точните Одговори на тестот се наоѓаат веднаш после последната страница на самиот тест кој е вклучен како примерок копија во овој Прирачник за Учители.

Сертификатот за Курсот се дава како признание на оние кои ги завршиле сите задачи кои се задолжителни за овој курс и кои го положиле тестот. Примерок на Сертификатот за Курсот е вклучен како последна страница во овој Прирачник за Учители. На оние студенти кои ќе ги завршат сите 14 Курсеви од серијата Групни проучувања за Нов Живот им се дава Сертификат за обука. Примерок од овој Сертификат е влкучен во книгата **Запознавање на Учителите со Групните проучувања за Нови Христијани.**

# Од каде потекнуваат овие лекции?

Соломон изјавил дека нема ништо ново под сонцето. Тоа може да се каже и за овие лекции. Многу од идеите не се нови. Сакаме да изразиме посебна благодарност на Институтот за основни животни принципи - за влијанието што тие го имаа врз животите на луѓето кои ги развија овие материјали. Во многу од овие леции се забележува влијанието на Институтот за основни животни принципи.

Исто така, јас сакам да ја изразам мојата длабока благодарност на многуте учители и илјадниците нови христијани кои ги користеа овие материјали во изминатите години. Нивните идеи имаа главна улога на развојот на овие курсеви. Благодарен сум и на Дон Вилкерсон кој ми даде можност да работам во Предизвик за млади Бруклин, САД, од 1971-1975. Во текот на овие години, за прв пат почна да се развиваат Групни проучувања за Нов Живот.

Петтото издание на курсевите - Групни проучувања за Нов Живот, се разви со помош на Одборот за наставна програма при Предизвик за млади – САД. Посебна благодарност до сите оние кои помогнаа во процесот на ревидирање.

# Политика за умножување и копирање на овие материјали

Прирачниците за Учители, како и сите други материјали кои се наменети за студентите од курсевите Групни проучувања за Нов Живот, се заштитени со авторски права. Овие материјали може да се умножуваат, копираат и дистибуираат само доколку се користат во Предизвик за млади, слични програми, локални цркви, училишта и други организации и поединци. Исто така, овие материјали може да се преземат од интернет, на Веб страната: www.iTeenChallenge.org Сепак, овие материјали не смеат да се продаваат – смеат само бесплатно да се дистрибуираат. Оние кои сакат да ги издаваат и продаваат овие материјали, мора да имаат писмена дозвола од Global Teen Challenge.

Давид Бети

# Предлог за редослед на наставната програма

Овој курс е еден од 14те курсеви кои се составен дел на наставната програма наречена Групни проучувања за Нов Живот. Овде се наведени сите 14 курсеви, во низа, според предложениот редослед на поучување на курсевите. Оваа листа со редослед на курсевите е дадена за да може наставата на овие курсеви да тече континуирано, во круг. Затоа, можеби подобро е ова да се илустрира како тркало со 14 спици. Овие курсеви не се надоврзуваат на претходниот. Секој е самостоен. Така, на овие курсеви, во било кој момент од наставата, може да се приклучуваат нови студенти и лесно да се вклопат во истата.

1. Како да знам дека сум христијанин?
2. Краток преглед на Библијата
3. Ставови
4. Искушение
5. Успешно христијанско живеење (вклучува проучување на службата на Светиот Дух.)
6. Растеж преку неуспех
7. Христијанска практика (Односите во локалната црква)
8. Послушност кон Бог
9. Послушност кон човек
10. Гнев и лични права
11. Како се проучува Библијата
12. Љубов и прифаќање на себеси
13. Лични односи со другите
14. Духовната моќ и натприродното

За дополнителни информации во врска со поучувањето на овие курсеви, побарај ја книгата- **Запознавање на Учителите со Групните проучувања за Нови Христијани.**

# Планови за Лекциите

# За Учителот

На страна 4 од овој Прирачник за Учители, има повеќе информации
за тоа како можат да се користат овие планови за лекциите

# Преглед на курсот

1. Еден или два дена пред да започнете со курсот, запознај ги студентите со овој курс и задади им ги некои од првите задачи. Ако е можно, дај им на секој од сутеднитите примерок од Водичот за Проучување - Проекти, еден или два дена пред да почнеш со поучувањето на овој Курс. Исто така, подели им и примерок од Прирачникот за Студенти и кажи им да ја прочитаат првата глава за која ќе се дискутира на првиот час од сесијата.

2. На следната (стр. 11) се наоѓа копија од **Список на задачи за класот** каде се дадени датумите до кога секоја задача треба да биде завршена. Студентите нека ги запишат соодветните датуми на бланко копијата од **Список на задачи за класот** која се наоѓа позади во нивниот Водич за Проучување.

3. Кажи им на студентите дека тие треба да ги имаат завршено Проектите 1 и 2 од нивниот Водич за Проучување, кога ќе дојдат на првиот час од сесијата. Можеби ќе треба на кратко да им го објасниш Проектот 2. Во овој Проект тие треба да ја препознаат потребата или желбата која сатаната се обидувал да ги натера да ја исполнат кога биле искушувани. (Види ги прашањата 4 & 5 од Проектот 2.) На оваа тема ќе се дискутира на првиот час од сесијата..

   Кажи им да не одговараат на овие прашања, доколку не сфаќаат како да ги одговорат. Овој дел од Проектот можат да го довршат или за време или после првиот час од сесијата. Сепак, пред да дојдат на првиот час од сесијата, тие треба да одговорат на првите три прашања за сите примери од Проектот 2.

4. **Да ја изнесеме лекцијата надвор од училницата**. Едноставен начин кој ќе им помогне на твоите студенти да ги утврдат клучните знаења од секоја лекција, е да направиш мали постери на твојот компјутер, или да ги нацрташ со рака.

   На пример:

   - ⇨ Дефиниција за искушение
   - ⇨ Шест чекори потребни за надминување на искушението
   - ⇨ Како да се подготвиш за искушението
   - ⇨ Клучни стихови кои говорат за справување со искушението: 2 Тимотеј 2:22, Псалм 37:4-5, Јаков 4:7-8, итн.
   - ⇨ Значајни изјави како: Кои се последиците од попуштањето и предавањето на ова искушение?

   На крајот од секој час, еден од учителите им ги нуди овие мини постери на студентите за секој кој сака - да си земе од нив. Студентите често ги закачуваат во нивните спални или во просторијата каде што учат, а некои дури им ги даваат и на нивните семејства. На овој начин, клучното знаење од секој час продолжува да биде визуелен потсетник, како на студентот така и на другите.

# Список на задачи за класот

**Наслов на Курсот** Искушение

**Квиз*** Стихови за учење напамет Датум

1. 1 Коринтјаните 10:13 — Ден 2
2. Јаков 4:7-8 — Ден 3
3. 6 Чекори потребни за надминување на искушението — Ден 4

**Проекти** Датум

1. Ден 1
2. Ден 1
3. Ден 2
4. Ден 2
5. Ден 3
6. Ден 3 или 4
7. Ден 3 или 4
8. Ден 4

**Тест** Ден 5

* **проверка на знаењето**

1

# Лекција 1
## Како да станам свесен за моите потреби

1. **Клучна Библиска вистина**

Треба да ги откријам моите потреби за кои сатаната ме искушува да ги исполнам на негов начин.

2. **Клучен стих: Филипјаните 4:19**

“А мојот Бог ќе ја исполни славно секоја ваша потреба, според Своето богатство – во Христа Исуса.”

3. **Референца во материјалот за студентите**

Заедно со оваа лекција оди 1та Глава од Прирачникот за Студенти. Исто со оваа лекција се користат Проектот 1, “**Искушението во Библијата**,” и Проектот 2, **“Да ги препознаам моите искушенија,”** од Водичот за Проучување - Проекти.

4. **Вовед во Лекцијата (5 минути)**

Како вовед во лекцијата, неколку од студентите нека одговорат на ова прашање.

Замислете си дека сте Адам и Ева во Еденската градина. Знаете дека Бог постави едно дрво во градината и ви кажа да не јадете од неговите плодови. Сите знаеме дека Адам и Ева јадеа од плодот и беа исфрлени од градината. Доколку ти беше Адам или Ева што ќе направеше со тоа едно дрво?

5. **Дискутирај за Точката А, Што е искушение?**
**(5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 4-5)**

Нагласи ја разликата помеѓу конструктивното искушение (кое најчесто се нарекува испитување) и искушението кое те наведува на грев – кое е секогаш деструктивно доколку христијанинот попушти и му се предаде. Дај неколку примери од двата вида на искушенија, и потоа објасни дека за време на целиот овој курс ние ќе дискутираме за **искушенијата кои нé наведуваат на грев**, а не за конструктивните искушенија или за испитувањата.

6. **Постер за искушенија**

Направи постер со дефиницијата за искушение, дадена подолу и закачи го постерот во училницата за да биде видлив за време на целиот курс.
Оваа дефиниција се наоѓа на страна 4 од Прирачникот за Студенти.

**Искушение**

Кога сатаната се обидува да те натера да ги прекршиш Божјите закони за да исполниш одредена потреба или желба во твојот живот.

Друга активност за твоите студенти може да биде да направат постер со слика од некои од областите во кои сатаната ги искушува на грев. Тие можат да исечат слики и зборови од списанија, весници или реклами.

7. **Дискутирај за Точката Б, Како искушението се вклопува во животот на христијанинот? (5 минути Прирачник за студенти стр. 5-6)**

Одвој неколку минути за да објасниш каква улога има искушението во животот на христијанинот. Студентите треба да сфатат дека искушението е само еден дел од животот на еден христијанин.

Тие не треба секоја животна ситуација да ја сфаќаат како искушение кое ги наведува на грев. Понекогаш тие ќе се соочуваат со многу искушенија во денот, а во друг ден, можеби нема да имаат ниту едно искушение. Како христијани кои се стремиме кон зрелост, ние мора секој ден да направиме нешто многу повеќе отколку само да се бориме со искушенијата.

8. **Кој нé искушува на грев? (5 минути)**

Дискутирајте на темата за тоа кој нé искушува на грев. При тоа, студентите нека ги употребат стиховите и одговорите кои ги напишале под прашањата 1 и 2 од Проектот 1 од Водич за Проучување, **од курсот Искушенија.**

1. **Дали Бог ги искушува луѓето да направат грев? (Јаков 1:13)**

2. **Кој ги искушува луѓето да направат грев? (Кој го искушуваше Исус да направи грев?) Прочитај Матеј 4:1-11.**

9. **Дискутирај за Точката В, Дали ѓаволот те принуди да го сториш тоа? (3-5 минути Прирачник за студенти стр. 6-7)**

Нагласи ја важноста од личната одговорност кога донесуваат одлуки за тоа како ќе ги исполнат нивните потреби и желби во животот.

Овде можеш да ја искористиш илустрацијата дадена на стр. 6 од Прирачникот за Студенти каде е направена споредба помеѓу “вратите” кои Бог и сатаната ги поставуваат пред тебе. Наведи неколку примери за врати кои Бог и сатаната би можеле да ги постават пред твоите студенти за тие да исполнат одредена потреба која што ја имаат.

**10. Како те искушува сатаната? (3-5 минути)**

Нагласи дека сатаната ретко ќе дојде и ќе каже, “Здраво, јас сум сатаната и јас сега те искушувам да направиш грев.” Тој најчесто ти приоѓа со идеја дека тој ќе ти помогне да си исполниш некоја твоја потреба во животот. “Ти имаш потреба. Ти требаат убави облеки. Еве како најлесно да дојдеш до нив. Укради ги додека продавачот разговара со некој друг.”

**11. Искушенијата на Исус (10-15 минути Прирачник за студенти стр. 10)**

Разговарајте за трите искушенија со кои се соочил Исус и за Неговата потреба за која сатаната Му нудел начин да ја исполни. Види Матеј 4:1-11. Студентите нека се осврнат на нивните одговори на прашањето 7 од Проектот 1 од Водичот за Проучување - Проекти,.

## Кога Исус бил искушуван да направи грев

Преку трите искушенија, сатаната се обидел да го натера Исус да ги исполни различните потреби и желби во својот живот.

**1во искушение — да ги претвори камењата во леб.** Матеј 4:2–4

Потреба – Исус бил физички гладен. Му требало храна.

Желба – Да докаже дека има моќ сам да ја исполни оваа потреба во својот живот. Да докаже дека може да направи чудо.

**2ро искушение — да се фрли од врвот на храмот.** Матеј 4:5–7

Желба – да докаже дека му верува на Бог

Желба – да докаже дека Бог ќе го спаси.

**3то искушение — Сатаната му нуди на Исус контрола над цел свет.** Матеј 4:8–10

Откако ги виделе сите царства на светот, сатаната сето тоа му го понудил на Исус, ако Тој само му се поклони и го обожава него.

Желба – да ја изврши својата задача и да го задобие (да го освои) светот на лесен начин (за разлика од Божјиот начин, со кој Исус на крај требаше да помине низ болната смрт на крстот).

**Прирачник за Студенти стр. 10**

**12. Дискутирај за Точката Г, Како потребите во твојот живот се вклопуваат со искушението? (5-15 минути Прирачник за Студенти стр. 7-8)**

Погрижи се, твоите студенти да почнат да ја сфаќаат разликата помеѓу искушението и потребата. Потребата е реална. Ако некој нема јадено, тој има физичка потреба за храна. Искушението од сатаната да украде храна, е еден од начините за таа потреба да се задоволи. Секое искушение е поврзано со потреба или желба која ја имаш. Понекогаш, можеби не си свесен за твојата потреба.

Сега можеби е добро време да се разговара за списокот со потреби на страните 7 и 8 од Прирачникот за Студенти. Нагласи дека сите ние ги имаме овие потреби. Наведи неколку примери за конкретни искушенија и потреби. Илустрирај им како Бог ќе им помогне на твоите студенти да ги исполнат овие потреби во нивните животи. И сатаната ќе се обиде да им помогне да ги исполнат овие потреби.

**13. Дискутирај за Точката Д. Како твоите желби се вклопуваат со искушението? (5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 9-12)**

Помогни им на твоите студенти да видат дека не секое искушение се однесува на потреба во нивниот живот. Некои искушенија ги имаат за цел нашите желби. Некои од овие желби се многу соодветни – да ја заштитиме нашата репутација, да си купиме нови чевли итн.

Некои желби се грешни – себични, им нанесуваат штета на другите, како нпр., желбата за одмазда. Најлесен начин да видиш дали желбата е грешна, е да размислиш што ќе се случи доколку одиш по таа желба и ја исполниш. Ако твоето дејство при тоа е грешно, тогаш најверојатно таа желба е грешна желба.

Нпр., ако твојата желба е да имаш секс со некој кој е во брак – таа желба е грешна желба. Самата желба да имаш сексуален однос со спротивниот пол, не е грешна желба. Но кога таа желба ќе ја насочиме кон некој кој е веќе во брак, тогаш тоа е грешна примена на таа желба.

Ако си некој кој е во брак, не е грев да посакуваш да имаш секс со твојот сопруг или сопруга. Сепак, грев е да посакуваш да имаш секс со некој со кој не си во брак.

За оној кој не е во брак, нормално е да посакува сексуален однос со спротивниот пол. Сепак, Библијата јасно кажува дека ако тргнеш по тие желби и имаш секс надвор од бракот, ќе ги прекршиш Божјите закони.

Во оваа дискусија од голема помош ни се два стиха.

**2 Тимотеј 2:22**

**Бегај од младинските желби! Стреми се кон правда, вера, љубов и мир со оние кои го повикуваат Господа од чисто срце.**

1

Бог јасно ни кажува дека не треба секоја желба да ја прифатиме како добра желба, само затоа што ние ја имаме таа желба во нашите срца. Ова е спротивно на она што ни го кажува нашата култура. Нашата култура ги охрабрува луѓето да одат по своите желби. Бог јасно кажува дека некои желби не треба да се следат. Понатаму, Бог не ни кажува едноставно да ги игнорираме таквите желби. Тој ни кажува да "бегаме од тие зли желби" и потоа да се стремиме кон "правда, вера, љубов и мир со оние кои го повикуваат Господа од чисто срце."

**2 Коринтјаните 10:5**

**Па ги рушиме мудрувањата; и секое превознесување што се крева против познавањето на Бога; и ја поробуваме секоја мисла за послушност на Христа.**

Овде Божјиот збор ни дава јасна шема за тоа како да постапиме со секоја желба – без оглед за каков вид на желба се работи. Ако таа желба, самата по себе се поставува спротивно на поучувањата на Божјот збор, тогаш треба да ја срушиме таа желба во нашите животи. Втората точка е дека треба секоја мисла – секоја желба - да ја поробиме за послушност на Христа.

Неконтролираните желби со сигурност ќе доведат до дела кои ќе создадат проблеми во нашите животи. Неконтролитраните желби лесно водат до грешни дела. Божјиот збор јасно кажува дека ние имаме одговорност и способност да одбереме како ќе реагираме на секоја наша желба. Бог ќе ни ја даде потребната сила за на овие желби да реагираме на правилен начин, на начин, кој Го почитува Бог.

Посочи, дека сатаната сака ние желбите да ги прифаќаме со страст – ако ти се чини добро, направи го! Бог сака да ги проценуваме нашите желби и прво да размислиме за последиците кои би се случиле доколку ја исполниме таа желба. Ако исполнувањето на таа желба би водело до грев, тогаш Божјиот збор јасно ни кажува дека треба да избегаме од таа желба, да ја срушиме таа желба или да ја заробиме за послушност на Христа.

**14. Да се разбере разликата помеѓу потребите и желбите**
**(3-5 минути) Прирачник за Студенти стр. 7-12**

На многу од студентите им е тешко да ја сфатат разликата помеѓу потребите и желбите. Оди во списокот на потреби кој почнува на стр. 7-8 од Прирачникот за Студенти, и одбери неколку видови на потреби кои ќе ти послужат како примери за потреби и желби кои се поврзани со секоја од точките на списокот.

Нпр., **потребна** ти е храна. Но ти можеби **посакуваш** големо, топло чоколадо со шлаг.

Имаш **потреба** од зимска јакна, особено ако врне снег надвор. Но можеби **посакуваш** да имаш 7-8 јакни. Можеби **посакуваш** да имаш долга кожна јакна.

Имаш **потреба** од пријатели, но **посакуваш** таа една личност да биде твој пријател или твоја пријателка, особено ако тој/таа е богат/а, или ако е многу убав/а!

Добро е твоите студенти да напишат дефиниции за потреби и желби. Замоли ги да ги кажат нивните идеи за тоа што би требало да биде вклучено во овие дефиниции. Можеш да направиш постер со овие дефиниции и да го закачиш истиот на ѕидот од училницата, за да бидат видливи за време на целиот курс. Подолу се дадени дефиниции кои се наш предлог.

**Потреба** — нешто што од нас се бара да го имаме за да го живееме и одржуваме животот до неговиот целосен потенцијал.

**Желба** — нешто што сакаме да го имаме, но не ни е и нужно потребно.

Откако ќе завршите со дефинициите за овие два збора, можеш да одвоиш време за студентите да направат свои листи со потреби и желби.  Стави ги нивните примери под секој наслов. Можеш овие списоци да ги напишеш на големи листови хратија и истите да ги закачиш на ѕидот од училницата, за да се навраќате на овие списоци до крајот на овој курс. Можеби ќе ви биде од корист во списоците да додавате дополнителни примери кои ќе бидат спомнати додека течат предавањата од овој курс.

**15. Како сатаната се повикува на твоите потреби и желби (5-10 минути)**

Нагласи дека сатаната може, преку едно искушение, да се обиде да ти помогне да исполниш две или три од твоите потреби и/или желби.
Нпр., првото искушение со кое сатаната го искушувал Исус во пустината било насочено кон потребата на Исус за храна. Сатаната исто се обидел да Го натера Исус да верува дека Тој има потреба да докаже дека Тој е Божјиот син. Сатаната се обиде да создаде желба кај Исус да го докаже овој факт.

Сатаната може да се обиде да те убеди дека твојата желба, всушност е вистинска потреба во твојот живот. “Нависитина ти е потребен нов кожен капут или нова кола за пријателите да те сакаат.”

Друг начин кој сатаната го користи за да те оддалечи од Божјиот план за тебе е да те натера да си исполниш потреба или желба која не е во согласност со Божјото време. “Моменталната гратификација” е многу честа во животите на оние кои се вовлечени во некоја зависност. Но ова може да биде проблем за секого. “Моменталната гратификација” може да биде искушение поврзано со потреба како што беше првото искушение со кое се соочи Исус во Матеј 4:2-4.

**16. Како сатаната ја искушуваше Ева? (5-10 минути)**

Овде можете со студентите да дискутирате за потребите (кои всушност беа желби) за кои сатаната рече дека ќе бидат исполнети доколку Ева јаде од плодот на дрвото во Еденската градина. Студентите нека прочитаат Битие 3 за точно да го видат “начинот” на кој сатаната ѝ зборуваше на Ева за да ѝ каже каква корист ќе има таа ако направи така како што тој ѝ кажува.

1

**17. Поглед на нашите искушенија (5-15 минути)**

Употреби неколку илустрации за искушенијата со кои ти и/или твоите студенти сте се соочиле во скоро време. Студентите нека дадат некои од примерите кои ги запишале во Водич за Проучување, Проект 2, *"***Да ги препознаам моите искушенија.***"* Дискутирајте за потребата или желбата со која сатаната се обидувал да ја искушува личноста да ја исполни таа потреба или желба на негов начин. Исто така објаснете кој од Божјите закони би бил прекршен доколку личноста би ја исполнила таа потреба на начинот на сатаната.

**18. Лична примена (5-10 минути)**

Личната примена насочи ја кон тоа да се сфати како да се препознаат потребите и/или желбите кои сатаната се обидува да те натера да ги исполниш кога тој те искушува да направиш грев. Доколку тоа веќе не го направиле, кажи им на студентите да одговорат на прашањата 3 и 4 за примерите кои ги навеле во Водич за Проучување, Проект 2. Прво секој од студентите самостојно нека одговори на овие прашања. Потоа нека се поделат во групи од по 3 или 4 за да дискутираат за нивните одговори.

**19. Задачи**

А. Оцени го Проектот 1, "**Искушението во Библијата"** од Водичот за Проучување - Проекти

Б. Провери дали студентите го завршиле Проектот 2, **"Да ги препознаам моите искушенија",** од Водич за Проучување. Тие треба да го имаат завршено Проектот 2 за да можат да го завршат Проектот 5, за кој краен рок е 3тиот час од оваа сесија. Можеш пополнетите листови од Проекот 2 да ги земеш со себе за да ги прегледаш и да им ги вратиш на студентите на следниот час.

В. Објасни го Проектот 4, "**Како Библиските ликови се справувале со своите искушенија**."од Водич за Проучување. Како што можеш да видиш од Проектот, студентите треба да одберат една од понудените алтернативи. Можеби ќе сакаш да се осигуриш сите студенти да не одберат иста алтернатива, особено ако сакаш овие примери да ги користиш за дискусија на часот на следната сесија. Види го Планот за Лекцијата 2, под точка 4, на стр. 20 од овој Прирачник за Учители.

Г. Објасни дека Проектот 3, "**Моите потреби и желби**," од Водичот за Проучување – е направен како продолжение на лекцијата која штотуку ја завршивме. Тие можат слободно да ги користат своите забелешки кои ги направиле на часот, како и Прирачникот за Студенти, за да ја завршат својата работа на овој Проект. Ти треба да одлучиш што сакаш твоите студенти да направат со **"Прашања за дополнително проучување,"** на стр. 2 од Проектот. Дали сакаш тие да ги напишпат своите одговори на овие прашања - на посебен лист хартија и да ти ги предадат на тебе да ги оцениш?

Д. Кажи им на студентите да ја прочитаат 2та глава од Прирачникот за Студенти за да се подготват за следниот час.

## 20. Евалуација на лекцијата

Те молам наведи ги твоите идеи за подобрување на оваа лекција.
Кои делови беа најдобри?
Кои делови беа најтешки за студентите да ги разберат?
Што ти се чинеше дека беше од најголема помош за твоите студенти?

2

# Лекција 2
## Надминување на искушенијата

1. **Клучна Библиска вистина**

Треба да ги научам напамет и да ги применувам Библиските шеми според кои треба да реагирам на искушенијата.

2. **Клучен стих: Ефесјаните 6:13**

Затоа, земете го сето Божјо оружје, за да можете да се браните во лош ден и откако ќе свршите сѐ, да се одржите.

3. **Референца во материјалот за студентите**

Заедно со оваа лекција оди 2та Глава од Прирачникот за Студенти. Исто со оваа лекција се користи Проектот 4, "**Како Библиските ликови се справувале со своите искушенија**," од Водичот за Проучување - Проекти.

4. **Вовед во лекцијата: "Каде стоиш ти?"**
**(5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 13-14)**

Започни го часот со дискусија на прашањето поставено на стр. 13-14 од Прирачникот за Студенти, точка А. **"Каде стоиш ти?"** На таблата нацртај слика од ѕид или ограда како илустрација за одлуката со која се соочува секој христијанин. На едната страна од таблата, напиши, **"Целосно посветен на следењето на Божјиот начин."** На другата страна од таблата напиши, **"Целосно посветен на следењето на начинот на сатаната."**

Сега, на оваа слика постави неколку познати Библиски ликови. Можеби ќе сакаш студентите да ги постават луѓето кои ги проучувале додека работеле на Проектот 4 од Водич за Проучување. Јосиф и Даниел и неговите 3ца пријатели како примери од Стариот Завет, треба да бидат поставени на страната, **"Целосно посветен на следењето на Божјиот начин."**

Језавела и Ахав од Стариот Завет би биле поставени на спротивната страна. Јуда веројатно би требало да биде поставен на врвот од оградата со стрелка која покажува кон начинот на сатаната. Петар, при распнувањето на Исус се свртел кон начинот на сатаната, но потоа се покајал и се свртел да го следи Божјиот пат т.е. начин.

Нагласи дека тие не можеле да одат по оградата до крајот на својот живот. Секој христијанин мора да донесе одлука дали ќе го следи Бог или сатаната. Нагласи дека оваа одлука е многу важна и од неа зависи колку некој е успешен во надминувањето на искушенијата кои го наведуваат на грев.

**5. Како Библиските ликови се соочувале со искушенијата (10-15 минути)**

Дискутирајте за Библиските ликови кои се наведени во Проектот 4 од Водич за Проучување. Разгледајте како тие се спротивставиле на искушенијата со кои се соочувале. Обидете се да ја одредите причината поради која некоја личност не успеала, туку попуштила и се предала на искушенијата.

2

**6. Дискутирај за Точката В. Кои се чекорите потребни за надминување на искушението? (10-15 минути Прирачник за Студенти стр. 15-19)**

Сега накратко, претстави ги 6те чекори потребни за надминување на искушението. Нагласи дека ова е шема која тие можат да ја користат за да одговорат на искушението кое ги наведува на грев.

**Чекори потребни за надминување на искушението**

1. Сфати дека си искушуван
2. Кажи "НЕ" на искушението
3. Почни да разговараш со Бог
4. Запрашај се себеси, "Која потреба сатаната сака да ме натера да ја исполнам?"
5. Види кои се Божјите начини за да се избавиш од ова искушение
6. Постави си цели кои ќе ти помогнат да ги исполниш твоите потреби на Божји начин

Цитирано од Прирачникот за Студенти, стр 15

Откако накратко ќе поминеш низ целата листа на стр. 15 од Прирачникот за Студенти, покажи со пример како ти би ја употребил оваа шема со едно конкретно искушение.

Потоа врати се и објасни ја секоја точка детално. За повеќе информации за секој од чекорите види на стр. 15 до 19 од Прирачникот за Студенти. Обиди се да дадеш неколку примери за тоа како студентите би можеле да ја применуваат секоја од точките на различни искушенија. Исто така можеш и да им кажеш на студентите да дадат свои примери за искушенија кои ги навеле во Проектот 2 од Водич за Проучување.

**7. Направи разлика помеѓу потребите и искушенијата (5-10 минути)**

Кога разговарате за различните искушенија, обидете се да ги одвоите **искушенијата** од **потребите,** за на твоите студенти да им стане јасно како оваа Библиска шема ќе им помогне да го надминат искушението, а во исто време да ја исполнат потребата која сатаната ја користи за да ги искушува.

Исто така, овде може да зборувате и за тоа кои од Божјите закони би биле прекршени доколку личноста попушти и се предаде на искушението на сатаната.

2

**8. Вежба: кога јас би бил Бог или сатана (10-20 минути)**

Оваа активност во мала група е наменета за твоите студенти да се вклучат во разгледување на двете страни на **искушението** — Божјата страна и страната на сатаната.

Секој од сетовите на упатства, напиши го или фотокопирај го на посебен лист хартија. На секоја од Групите ќе им ја зададеш само едната страна на искушението. Групата А ќе работи само на страната на искушението - **“Кога јас би бил Бог”**. Другата - групата Б, би работела само на страната на искушението - **“Кога јас би бил сатана”**.

Одреди кое искушение ќе биде прво на кое ќе работите на часот. Доколку студентите од твојот клас, вообичаено, не се соочуваат со наведените искушенија на листата подолу, тогаш замени ги со други примери. Искористи ги оние искушенија кои би биле вообичаени за студентите од твојот клас.

За оваа вежба ќе треба класот да се подели во групи, од по 2 – 4 члена во секоја група. Обиди се секоја група да има ист број на членови (2, 4, 6 групи итн.)

А. На секоја од групите дај им по еден лист со упатства – **“Кога јас би бил Бог...или кога јас би бил сатана...”** Објасни ги упатствата и дај им време од 5 минути за да ја завршат задачата.

Б. Секоја од групите нека каже пред цел клас како тие би ги убедиле христијаните да се спротивстават или пак да му се предадат на искушението.

В. На останатите студенти, кажи им да ја слушаат презентацијата на секоја од групите, на тој начин како да се тие оние кои се искушувани.

Г. Откако ќе се слушнат двете страни, за истото искушение, студентите нека разговараат за тоа кој страна била поубедлива – Божјата или онаа на сатаната? Кажи им да објаснат кои од аргументите биле за нив најубедливи и зошто. Исто така, дискутирајте и за тоа зошто некои од аргументите не биле толку убеливи.

Д. Потоа студентите може да кажуваат свои идеи за тоа како би можело да се подобри Божјиот пристап или оној на сатаната. За време на дискусијата нагласи им на студентите дека, и сатаната и Бог, може да им го свртат вниманието на потребата или желбата која е вклучена во тоа искушение.

## Кога јас би бил Бог или сатана

**1А. Кога јас би бил Бог**

Кога јас би бил Бог, еве како би те убедил да не препишуваш на тестот на училиште.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

**1Б. Кога јас би бил сатана**

Кога јас би бил сатана, еве како би те убедил да препишуваш на тестот на училиште.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

**2А. Кога јас би бил Бог**

Кога јас би бил Бог, еве како би те убедил да не пушиш марихуана за да бидеш прифатен во друштвото.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

**2Б. Кога јас би бил сатана**

Кога јас би бил сатана, еве како би те убедил да пушиш марихуана за да бидеш прифатен во друштвото.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

**3А. Кога јас би бил Бог**

Кога јас би бил Бог, еве како би те убедил да бидеш послушен на твоите родители.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

**3Б. Кога јас би бил сатана**

Кога јас би бил сатана, еве како би те убедил да не им бидеш послушен на родителите.

Упатства за твојата група: Напиши 5 – 10 работи кои би ѝ ги кажал или направил на личноста за да се обидеш да ја убедиш да постапи според твојот совет.

2

**9. Лична Примена (5-10 минути)**

Како лична примена за денес, студентите нека ги научат на памет 6те Чекори од шемата која покажува како да реагираат на искушение (стр. 15 од Прирачникот за Студенти). Кажи им кога ќе им дадеш квиз за ова. Датумот за Квизот е запишан во **Список на задачи за класот**. Охрабри ги да почнат да ја користат оваа шема уште денес, кога треба да реагираат на искушение. Нагласи им дека е многу важно секогаш да почнат со првиот чекор. Ако им е тешко да се сетат да го употребат првиот чекор, тогаш охрабри ги барем да направат список со сите искушенија со кои се сретнале денес. Ова е еден начин за изградување свесност за твоите искушенија.

**10. Задачи**

А. На крајот од првиот час на сесијата, задади квиз за 1 Коринтјаните 10:13.

Б. Оцени го Проектот 3 од Водич за Проучување, *"***Моите потреби и желби***,"* и Проектот 4, "**Како Библиските ликови се справувале со своите искушенија.**"

В. Доколку на минатиот час ги зеде кај себе листовите со Проектот 2 од Водич за Проучување, денес, врати им ги истите на студентите. Објасни им дека Проектот 5 оди заедно со проектот 2.

Г. Доколку веќе не е договорено, треба да им кажеш на студентите кои проекти треба да ги завршат за следниот час на сесијата. Ако планираш на следниот час да ги користите Проектот 6 од Водичот за Проучувае – Проекти," Користење на нова шема за да реагираш на искушение," и Проектот 7, "Лична посета на позната личност од Библијата," тогаш кажи им го тоа, за тие да можат да ги изработат проектите на време.

Д. Кажи им на студентите да ја прочитаат 3тата глава од Прирачникот за Студенти за да се подготват за следниот час.

**11. Евалуација на лекцијата**

Те молам наведи ги твоите идеи за подобрување на оваа лекција.
Кои делови беа најдобри?
Кои делови беа најтешки за студентите да ги разберат?
Што ти се чинеше дека беше од најголема помош за твоите студенти?

# Лекција 3
## Да се подготвиш за искушението

3

**1. Клучна Библиска вистина**

Како христијанин, треба да се подготвам за да можам успешно да го надминам секое искушение.

**2. Клучен стих: 1 Коринтјаните 10:13**

**Никакво искушение не ве постигна, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите.**

**(Со други зборови: Вие не сте искушувани на поинаков начин од другите луѓе да направите грев. Бог е верен. Тој нема да дозволи да бидете искушувани повеќе отколку што можете да издржите. Но, кога сте искушувани, Тој ќе ви даде излез за да не направите грев.)**

**3. Референца во материјалот за студентите**

Заедно со оваа лекција оди 3тата Глава од Прирачникот за Студенти. Исто со оваа лекција се користи Проектот 2, “**Да ги препознаам моите искушенија”,** од Водич за Проучување и Проектот 5, “**Нов поглед на старите искушенија”**.

**4. Подготовка на учителот за оваа лекција**

Еден од најдобрите начини за да се подготвиш за оваа лекција е да работиш на едно или две искушенија, користејќи ги како шема проектите: Проектот 6 од Водичот за Проучување, “**Користење на нова шема за да реагираш на искушение**,” и Проектот 8, “**Подготви се за искушението**,”. Клучот за успех на оваа лекција е во тоа ти како учител да знаеш од лично искуство како да се подготвиш за искушенијата.

**5. Вовед во лекцијата (5 минути)**

Неколку студенти може да кажат што се случило кога се обиделе да ја користат новата шема за да реагираат на искушение, за која зборувавме во втората лекција од овој Прирачник за Учители. Истото тоа е покриено и во 2та Глава од Прирачникот за Студенти. Доколку мислиш дека твоите студенти не би сакале да даваат толку лични одговори на почетокот на часот, тогаш можеш да дадеш еден или два примери од твојот личен живот или од други студенти со кои си работел во минатото.

3

**6. Основни вештини потребни за надминување на искушенијата (5 минути)**

Овде зборувај за тоа дека подготовката е многу важна за надминување на искушенијата. Има 4 важни вештини кои твоите студенти треба да научат да ги владеат, доколку сакаат успешно да се подготват за искушенијата кои ги наведуваат на грев, а потоа и успешно да ги надминат истите.

А. Да знаат да го препознаат искушението веднаш штом ќе се појави.

Б. Да знаат да ја проценат ситуацијата и да одредат која е **потребата** или **желбата** која сатаната се обидува да ги натера да ја исполнат.

В. Да знаат да **откријат кој е Божјиот начин** за исполнување на нивните потреби и желби и потоа да постапат според Божјиот начин.

Г. Друга корисна вештина е студентите да знаат да препознаат кои ќе бидат **последиците** ако постапат според Божјиот начин или според начинот на сатаната во дадена ситуација на искушение. Ова може да ја мотивира личноста да постапи според Божјиот начин.

**7. Дискутирај за Точката А, Приближи Му се на Бог**
**(5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 20-22)**

Дискутирајте за важноста од приближувањето кон Бог како главен начин на подготовка за искушение. Искористете го ова како можност за повторување на досега наученото, како и за пошироко да го разгледате христијанскиот живот. Искушенијата ќе си доаѓаат и ќе си одат во текот на целиот наш живот. Сепак оваа точка е најважното место каде треба да се почне подготовката за искушенијата – почни со приближување кон Бог.

Исто така, добро е да се каже колку се важни односите за да бидеме подготвени за искушенијата, а и за да се бориме со нив. Од една страна, ова е духовна војна, а сатаната е силен непријател. Ако се обидуваме сами, со наша сила, да се бориме со искушенијата на сатаната, ние најчесто ќе ја губиме битката. Но, кога сме дел од војска – Божјата војска – тогаш успехот ни е загарантиран.

Мора да имаме близок однос со Бог за да можеме да се избориме со искушенијата. Но исто така, мора да имаме близок однос со другите христијани кои можат да ни помогнат кога се соочуваме со искушенија. Тие исто така се важен дел од здравиот живот. Кога имаме здрави односи со други христијани, ние ќе имаме поголеми шанси да ги исполниме нашите потреби на Божји начин – па така ќе се намали моќта на искушението кое н# наведува на грев.

**8. Дискутирај за Точката Б, Исполни ги твоите потреби на Божји начин (10-20 минути Прирачник за Студенти стр. 22-25)**

Дискутирајте за важните теми кои се наоѓаат под Точката Б, “Исполни ги твоите потреби на Божји начин” . Имај однапред подготвено неколку примери или случаи за проучување кои ќе ги употребиш во дискусијата на часот. Можеби ќе сакаш неколку од студентите да зборуваат за некои од искушенијата кои ги навеле во Проектот 2, “**Да ги препознаам моите искушенија**,” од Водич за Проучување и Проектот 5, “**Нов поглед на старите искушенија**.” За време на часот покажи им на студентите како да ја користат Библијата за да научат кој е Божјиот начин за исполнување на одредена потреба или желба.

Помогни им на студентите внимателно да го проценат она што го сработиле на Проектот 2 од Водич за Проучување, особено одговорите на прашањата 4 и 5 – за секој од примерите. Види, дали тие правилно ги препознале вистинските потреби или желби кои стојат зад секое од искушенијата.

3

Дали тие едноставно констатирале дека треба да му се спротивстават на ѓаволот или отишле подлабоко и се справиле со вистинската нивна потреба или желба која сатаната ја користел за да ги искушува?

Детална листа на нашите потреби и желби се наоѓа на стр. 7-8 од Прирачникот за Студенти.

**9. Објасни ја Точката В, “Допушти му на Бог да одреди кои желби се соодветни.” (3-5 минути Прирачник за Студенти стр. 25-28)**

Додека ја објаснуваш оваа точка, внимавај студентите најпрво да ја сфатат разликата помеѓу желба и потреба. Овде може да ти бидат од помош неколку илустрации.

Можете повторно да ги разгледате точките 12-15 од планот за лекцијата 1 (стр. 15-17 од овој Прирачник за Учители) каде се наоѓаат повеќе информации за разликата помеѓу потребите и желбите. Повторното разгледување на оваа тема е многу важно за твоите студенти. Осигурај се, твоите студенти да сфатат како да го применат ова знаење во нивните секојдневни животи.

Кога ќе дискутирате за Потточката 1, “Откриј што Му се допаѓа на Бог”, барај од студентите да набројат некои од Божјите желби кои ние треба да ги имаме. Можеби ќе треба да им наведеш стихови од Библијата кои зборуваат за тоа, доколку самите не можат да се сетат за примери за Божји желби.
Види стр. 25-26 од Прирачникот за Студенти каде се наведени стихови кои можеш да ги искористиш овде.

**10. Дискутирај за точката В-2, Ослободи се од старите, грешни желби (5-15 минути Прирачник за Студенти стр. 26-27)**

Студентите нека направат список со нивните грешни желби од кои треба да се ослободат. Нагласи им дека треба да направат многу повеќе од тоа за да се ослободат од овие стари желби. Тие треба старите желби да ги заменат со Божји желби доколку сакаат навистина да имаат стабилен христијански живот.

Ако сакаш, побарај од неколку студенти да објаснат пред целиот клас како тие успеале да се ослободат од некоја стара, грешна желба.

Можеби некои од твоите студенти биле длабоко повредени од нечиј друг грев направен против нив – нпр., сексуална злоупотреба. Можеби тој студент има силно чувство на гнев против таа личност и сака да се одмазди. Одвој време за да им објасниш на студентите како тие можат одмаздата да му ја препуштат на Бог. Доколку чуваат во себе непростување и лутина, тоа повеќе ќе им наштети ним, отколку на другата личност.

Наместо во својот ум да си замислуваат како ќе се одмаздат, објасни им дека тие можат во својот ум да си замислуваат дека реагираат на правилен начин кон личноста која им направила штета. Точка Г, "Некои искушенија можат да се спречат."

**11. Дискутирај за Точката В-3, Користи ги Библиските вредности за да процениш какви се твоите желби**
**(5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 27-28)**

Можеби на твоите студенти ќе им биде тешко да ја разберат темата за Библиските вредности. Тоа зависи од нивната духовна зрелост. Помогни им да сфатат дека некои од желбите треба да се игнорираат. Со Божја помош може да кажеме," Јас одлучувам дека нема да ѝ дадам приоритет на оваа желба во мојот живот."

**12. Дискутирај за Точката Г, Некои искушенија можат да се спречат**
**(10-20 минути Прирачник за Студенти стр. 28-30)**

За да дискутирате на темата "Некои искушенија можат да се спречат," имај однапред подготвено јасни примери со кои ќе можеш да го илустрираш ова. Исто така, може да побараш и некои од студентите да кажат свои примери за тоа како тие успеале да спречат одредено искушение.

**13. Примери од Проектот 8 од Водичот за Проучување (10-20 минути)**

Пред да заврши овој час, може да земеш одредено искушение и на тоа искушение да го изработите Проектот 8 од Водичот за Проучување, "**Подготви се за искушението**." Ова ќе им помогне на студентите да знаат како да го изработат овој Проект, кој треба да го работат по денешниот час.

**14. Дискутирај за Точката Д: Бидете свесни за стратегиите на сатаната**
**(5-10 минути) Прирачник за Студенти стр. 30-31**

Многу често, новите христијани се збунети од стратегиите кои ги користи сатаната. Одвој време и дискутирај за некои од стратегииите кои сатаната ги користи. Некои од тие стратегии се наведени и во Прирачникот за Студенти на стр. 30-31. Ти може да додадеш и други.

Не пропуштај да објасниш дека ако искушението дојде повторно, тоа може да значи повеќе работи. Тоа може да биде знак дека тие не се блиску до Исус. Кога зборуваш за оваа тема, искористи ги стиховите од Јаков 4:7-8.

Но, во некои случаи повторното доаѓање на искушението не е знак на духовен пад. Одвој време и дискутирајте за Лука 4:13 и 2 Коринтјаните 11:14, бидејќи овие стихови се однесуваат на искушенијата од сатаната.

## 15. Лична Примена

Личната примена за оваа лекција е насочена кон тоа, секој студент да одбере одредено искушение и со тоа искушение да го изработи Проектот 8 од Водич за Проучување, "**Подготви се за искушението**." Тие ова не треба да го прават за време на часот. Охрабри ги студентите да се обидат да го користат тоа што го научиле кога ќе се соочат со искушение кое ги наведува на грев.



## 16. Задачи

А. Оцени го Проектот 2 од Водич за Проучување "**Да ги препознаам моите искушенија**," и Проектот 5, "**Нов поглед на старите искушенија**," доколку веќе не си го направил тоа.

Б. Оцени го Проектот 7 од Водичот за проучување, **"Лична посета на позната личност од Библијата"**

В. На крајот од часот, задади квиз Јаков 4:7-8.

Г. Кажи им на студентите да ја прочитаат главата 4 од Прирачникот за Студенти, за да се подготват за следниот час.

## 17. Евалуација на лекцијата

Те молам наведи ги твоите идеи за подобрување на оваа лекција.
Кои делови беа најдобри?
Кои делови беа најтешки за студентите да ги разберат?
Што ти се чинеше дека беше од најголема помош за твоите студенти?

# Лекција 4
## Реакција на неуспех

**1. Клучна Библиска вистина**

Треба да научам, на неуспехот да реагирам на начин кој ќе ме приближи поблиску до Бог.

**2. Клучен стих: Евреите 4:15-16**

15 Зашто, немаме првосвештеник кој не може да сочувствува со нашите слабости, туку Кој бил искушуван во сѐ како нас, освен гревот (Или со други зборови: Овој наш Првосвештеник ги разбира нашите слабости, затоа што се соочил со истите искушенија како нас, но Тој не направил грев).16 И така пристапуваме смело кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, за помош, во време на потреба.

4

**3. Референца во материјалот за студентите**

Заедно со оваа лекција оди 4тата Глава од Прирачникот за Студенти. Исто со оваа лекција се користи Проектот 4, "**Како Библиските ликови се справувале со своите искушенија",** од Водич за Проучување и Проектот 7, "**Лична посета на позната личност од Библијата"**.

**4. Два погледи на неуспехот (5 минути)**

На почетокот на денешната лекција, нагласи дека тоа што разговараме за неуспехот, не треба да се сфати дека го одобруваме истиот. Христијанинот кој сака да ги следи Божјите патишта, нема ноншалантно да прави грев и да си кажува себеси, "Па, тоа е во ред. Бог ќе ми прости кога ќе Му се помолам." Бог не сака да ние да му се предаваме на искушението. Ние треба да имаме ист став како Бог.

Но, од друга страна, повеќето од нас одвреме навреме, сепак, му се предаваме на искушението. Целта на оваа лекција е да ги разгледаме некои од причините поради кои паѓаме и да ги разгледаме последиците од нашиот неуспех.

Ако некој не успее да му се спротивстави на искушението, тоа не значи дека таа личност веднаш во тој момент го губи спасението. Никој не е совршен, но секој може искрено да направи сѐ што е до него за да се спротивстави на искушението. Кога ќе паднеме, треба чесно да го признаеме тоа и да се зацврстиме, па кога следниот пат ќе се сретнеме повторно со ова искушение, да можеме да реагираме многу подобро.

**5. Дискутирај за Точката А, Што се случува кога ќе му се предадеш на искушението? (10-15 минути Прирачник за Студенти стр. 32-37)**

Замоли ги твоите студенти, да ги кажат своите размислувања на оваа тема, “Што се случува кога ќе му се предадеш на искушението?” Одвој време за студентите да дадат некои примери за последиците кои тие ги доживеале откако му се предале на некое искушение.

Ти треба да одлучиш, колку време ќе потрошите на секоја од 12те последици кои се покриени во овој дел од лекцијата. Сепак, треба да обрнеш посебно внимание на потточката А-9, “Попуштањето води до рационализирање, што е правилно а што е погрешно”. Многу од нас, во минатото, имаат научено како да си ги оправдуваат своите гревови. Сега, кога сме христијани, овој “механизам на оправдување” не исчезнува автоматски. Всушност, со леснотија, сé уште си ги оправдуваме малите гревови. Поради тоа, многу е важна обновата на нашите умови и на секое искушение да гледаме од Божја гледна точка.

Потточката 9, исто така, се осврнува на прашањето за “отврднување на твоето срце”. Внимателно објасни колку е лесно нашите срца да отврднат доколку отфрламе и игнорираме кога Бог нè убедува дека сме направиле грев.
Ако дозволиме рационализирањето да расте во нашите животи, тогаш станува многу лесно нашите срца да отврднат.

Исто така, одвој време за да ги разгледате последиците кои се појавуваат во Библиските приказни од Проектите 4 и 7, од Водич за Проучување. Одбери ги оние кои мислиш дека ќе бидат од најголема помош за твоите студенти.

**6. Дискутирај за Точката Б, Зошто луѓето попуштаат и му се предаваат на искушението? (5-10 минути Прирачник за Студенти стр. 37-40)**

Употреби ги истите Библиски примери од Проектот 4 од Водич за Проучување,, **“Како Библиските ликови се справувале со своите искушенија”,** и Проектот 7, **“Лична посета на позната личност од Библијата”,** за да дискутирате, зошто луѓето им се предаваат на искушенијата. Кај многу од Библиските примери, можеби едноставно ќе треба да погодувате која би можела да биде причината, бидејќи во Библијата не е запишана причината зошто тие попуштиле и му се предале на искушението.

Исто така барај од твоите студенти, да дадат свои лични примери, за ситуации кога тие попуштиле и му се предале на искушението. Биди многу внимателен какви примери користат студентите, особено ако класот се состои и од машки и од женски студенти. Веројатно нема да биде соодветно на часот да се изнесуваат специфични детали за некое сексуално искушение. Дури и кога класот се состои само од машки или само од женски, треба да внимаваш на деталите кои се изнесуваат, бидеќи, дури и зборувањето за овие детали може да биде иницијална announced каписла за почнување на процес на нездрави мисли кај твоите студенти.

За да се справиш со ова, може однапред да ги селектираш примерите кои ќе ги споделуваат студентите – со тоа што ќе ги користат оние примери кои тие веќе ги напишале во својата домашна задача за овој час, па можеш да искористиш ссодветни примери од овие, без притоа да наведуваш име на студентот вклучен во тоа искушение.

**7. Проценка од студентите на нивните минати неуспеси (5-15 минути)**

Студентите нека направат проценка на едно или две искушенија од нивниот живот, кога тие попуштиле и му се предале на искушението. Дали тие можат да препознаат, која била причината поради која доживеале неуспех? Можеби имало неколку работи кои придонеле за нивниот неуспех. Студентите можат да искористат и некои од искушенијата кои веќе ги навеле во проектите од Водич за Проучување за овој курс.

Нагласи им дека е многу важно, да знаат да ја препознаат причината поради која попуштиле и му се предале на искушението. Ова може во иднина да им помогне да знаат каде да почнат за да се подготват за искушенијата.



**8. Дискутирај за Точката В, Што треба да направиш откако си попуштил и си паднал во искушение? (10-15 минути Прирачник за Студенти стр. 40-42)**

Обрни посебно внимание на дискусијата за тоа што треба да се направи откако некој попуштил и му се предал на искушението. Откако ќе дискутирате за сите теми од овој дел, охрабри ги студентите да ги употребат овие идеи за време на тивкиот час, кога се молат за некое искушение на кое тие тој ден попуштиле и му се предале.

**9. Како Бог реагирал кон луѓето од Библијата кои го изневериле (5-10 минути)**

За време на дискусијата за тоа, што треба личноста да направи, откако попуштила и му се предала на искушението, можеби е добро да погледнете како некои од Библиските личности реагирале на своите неуспеси. Давид и Петар, го признале својот грев, а Јуда не! Исто, овде дискутирајте за тоа како Бог реагирал кон оние кои го признале својот грев. Давид останал да биде цар, а Петар станал важен водач на црквата.

**10. Давање завет дека никогаш повторно нема да паднам (5 минути)**

Објасни им на студентите дека тие не треба да прават завет со Бог откако попуштиле и му се предале на искушението. Некои христијани можеби мислат дека давањето завет е добра духовна практика. “Боже, јас штотуку попуштив и му се предадов на ова искушение. Ти ветувам, дека никогаш повеќе нема да попуштам и да му се предадам на ова искушение.” Овој вид на давање завет не придонесува за решавање на вистинскиот проблем. Ѓаволот може ова да го искористи како начин за да донесе поголема осуда на личноста, ако таа повторно падне на истото искушение во иднина.

Ако тие сакаат да Му дадат завет на Бог, можеби посоодветно ќе биде да кажат, “Боже, ти ветувам дека јас ќе се приближувам сè поблиску до тебе секој ден. Исто така, ветувам, дека во текот на следната недела ќе одвојам ______ време, за да проучувам, што Ти имаш кажано за ова искушение и како јас треба да реагирам на начин кој ќе Ти биде угоден наТебе.”

Овој вид на ветување, многу полесно се исполнува, а долгорочно е посоодветно за да се развие поблизок однос со Бог.

**11. Лична Примена (5-10 минути)**

Личната Примена, насочи ја кон потребата да се биде искрен и чесен со Бог за своите неуспеси. Тие треба брзо да ги исповедаат своите гревови. Исто така, тие треба да најдат начин како да учат од своите неуспеси. Овие неуспеси треба да им помогнат да видат каде тие треба да се подобрат за да бидат подобро подготвени за искушенијата во иднина.



**12. Задачи**

А. Оцени го Проектот 8 од Водичот за Проучување - Проекти, **“Подготви се за искушението.”** Можеби ќе решиш да бараш од твоите студенти да одговорат на прашањето 7 пред да ти го предадат овој Проект за оценување. Ако се решиш на ова, на некој од студентите можеби ќе им бидат потребни уште неколку дена за да го завршат овој Проект, во зависност од тоа кога тие се соочувале со искушението кое го употребиле за овој Проект.

Б. На крајот од овој час задади го квизот за 6те чекори кои се потребни за надминување на искушението.

**Чекори потребни за надминување на искушението**

1. Сфати дека си искушуван
2. Кажи “НЕ” на искушението
3. Почни да разговараш со Бог
4. Запрашај се себеси, “Која потреба сатаната сака да ме натера да ја исполнам?”
5. Види кои се Божјите начини за да се избавиш од ова искушение
6. Постави си цели кои ќе ти помогнат да ги исполниш твоите потреби на Божји начин

**Цитирано од Прирачникот за Студенти, стр. 15**

**13. Евалуација на лекцијата**

Те молам наведи ги твоите идеи за подобрување на оваа лекција.
Кои делови беа најдобри?
Кои делови беа најтешки за студентите да ги разберат?
Што ти се чинеше дека беше од најголема помош за твоите студенти?

# Лекција 5
## Тест

**1. Вовед**

Запознај ги студентите со следниот курс на кој ќе работите.

А. На студентите дај им го Водичот за Проучување или оној Проект кој треба да го завршат пред да дојдат на првиот час од следниот курс.

Б. Студентите нека завртат на последната страна од нивниот нов Водич за Проучување – Проекти. Таму треба да има непополнет примерок од **Список на задачи за класот.** Кажи им ги датумите за секој Квиз, Проект како и за Тестот.

В. На студентите дај им го новиот Прирачник за Студенти и кажи им кои страни треба да ги прочитаат пред да дојдат на првиот час од следниот курс.

**2. Почнете го Тестот за овој Курс – дај му на секој студент копија од тестот за Испитот.**

5

**3. На студентите, врати им ги сите квизови и проекти кои си ги оценил, доколку тоа веќе не си го направил.**

# Прирачник за Студенти

Прирачникот за Студенти не е вклучен во овој документ, но го има на посебен документ.

На страната 5 од овој Прирачник за Учители, има повеќе информации за тоа како да се употребува Прирачникот за Студенти!

# Водич за Проучување

Водич за Проучување,  не е вклучен во овој документ, но го има на посебен документ.

На страната 5 од овој Прирачник за Учители, има повеќе информации за тоа како да се употребува Водичот за Проучување - Проекти!

# Тест

# Одговори на Тестот

# Сертификат за Курсот

На страната 5 од овој Прирачник за Учители, има повеќе информации за тоа како да се употребува Тестот и Сертификатот за курсот!

**Име**______________________________ **Искушение**

**Датум**____________________________ **Тест 5[то] Издание**

**Клас**_____________________________ _______**Оценка**

**Точно-Неточно Прашања** (За секое точно прашање 1 поен)

Упатства: Стави ____X____ доколку изјавата е точна.

Стави ____O____ доколку изјавата е неточна.

1.________Ако му се спротивставиш на ѓаволот, тој ќе престане да те искушува и ќе побегне од тебе за некое време.

2. _______Најдобриот начин за да се подготвиш за искушение е да се приближиш поблиску до Бог.

3.________Откако ќе станеш христијанин, Бог ќе бара од тебе да ги игнорираш твоите желби.

4.________Исус никогаш не бил искушуван со толку тешки искушенија како што се искушувани луѓето денес.

5.________Сатаната секогаш сака јас да мислам на крајниот резултат кој би се случил доколку го направам она што тој ме поттикнува да направам.

6.________Бог ветил дека ќе ги исполни сите твои потреби.

7.________Кога сатаната ги искушува луѓето да направат грев, тој најчесто им кажува дека ги искушува.

8.________Бог им заповеда на христијаните да ги отфрлат од себе желбите кои се грев.

9.________Христијанинот не може да стори ништо за да спречи било кое искушение што доаѓа од ѓаволот.

10._______Кога луѓето попуштаат и му се предаваат на искушението, тие најчесто искусуваат привремено задоволство и исполнетост од она што го прават.

11._______Никогаш не треба да побегнам од она што може да биде причина за да бидам искушуван.

12._______Без оглед колку време ќе потрошиш за да се подготвиш за искушението, сатаната сепак ќе те искушува да направиш грев.

13._______Кога некој ќе попушти и ќе му се предаде на искушението, станува полесно повторно да попушти на истото искушение.

14._______Кога некој е искушуван да направи грев тој веднаш треба да го проколне ѓаволот.

15._______Ако го исповедаш твојот грев пред Бог, сатаната веќе нема да се обидува да направи да се чувствуваш виновно затоа што си попуштил на тоа искушение и си направил грев.

### **Точно-Неточно Прашања** (продолжува)

16._______Ако моите потреби ги исполнувам на Божји начин, сатаната нема да има многу можности да ме искушува во тие области.

17._______Грев е да бидеш искушуван.

18._______Кога и да сум искушуван, секогаш, треба да разговарам со Бог.

19._______Ако личноста дозволи неговите желби да излезат од контрола, тогаш нему ќе му биде многу тешко да се спротивстави на искушенијата, кои го наведуваат на грев.

20._______Во ред е да ти дојде мисла дека го правиш она на што си искушуван, сè додека ги отфрлаш таквите мисли и одлучуваш да не го направиш тоа.

21._______Откако ќе попуштиш и ќе му се предадеш на некое одредено искушение, ти треба да се заветуваш пред Бог дека никогаш повторно нема да го направиш тоа.

22._______Кога сум искушуван да направам грев, треба да откријам која моја потреба сатаната се обидува да ме натера да ја исполнам.

### **Прашања со понудени одговори** (За секое точно прашање 3 поени)

Упатства: Одбери го точниот одговор и стави ја соодветната буква на празната линија пред прашањето.

1.________Најдобар начин за да се надмине искушението е

А. да се игнорира истото. (Да си кажеш себеси, “Немам искушение.”)

Б. да се размислува за Библиските стихови кои зборуваат за секое од искушенијата.

В. да му се смеам на искушението.

2.________Кога Бог ги искушува луѓето да направат грев?

А. Само ако личноста е грешник.

Б. Понекогаш, кога личноста не му е послушна на Бог.

В. Никогаш.

### **Прашања со кратки одговори**

1. Што е искушение? (6 поени)__________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

2. Кои 6 работи можеш да ги направиш за да се **подготвиш** за искушенијата? (12 поени, 2 поена за секој дел)

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

4.______________________________

5.______________________________

6.______________________________

3. Што треба да прави (мисли) човек кога е искушуван да направи грев? Наведи ги 6те чекори од планот за надминување на искушенијата за кој зборувавме на часот. (18 поени, 3 поени за секој дел)

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

4.______________________________

5.______________________________

6.______________________________

4. Секогаш кога ѓаволот те искушува да направиш грев, тој се обидува да те натера да исполниш барем една од твоите потреби или желби. Објасни ја разликата помеѓу потреба и желба. (6 поени)

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

5. Наведи по два примера за потреби и желби. Обиди се да одбереш такви потреби и желби што ѓаволот често ги користи кога ги искушува христијаните да направат грев. (8 поени, 2 поена за секој дел)

Желба____________________________________________

Желба____________________________________________

Потреба__________________________________________

Потреба__________________________________________

6. Што треба да направи христијанинот откако попуштил и му се предал на искушението? Напиши најмалку 4 работи кои христијанинот треба да ги направи. (8 поени, 2 поена за секој дел)

1. ____________________________________________

____________________________________________

2. ____________________________________________

____________________________________________

3. ____________________________________________

____________________________________________

4. ____________________________________________

____________________________________________

7. Напиши ги стиховите зададени за учење на памет. (14 поени, 7 поени за секој дел)

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

# Искушение

**Тест 5$^{\text{то}}$ Издание**

**Одговори**

**Страна 1**

**Точно-Неточно Прашања**

(За секое точно прашање 1 поен)

1. X Точно
2. X Точно
3. 0 Неточно
4. 0 Неточно
5. 0 Неточно
6. X Точно
7. 0 Неточно
8. X Точно
9. 0 Неточно
10. X Точно
11. 0 Неточно
12. X Точно
13. X Точно
14. 0 Неточно
15. 0 Неточно

**Страна 2**

16. X Точно
17. 0 Неточно
18. X Точно
19. X Точно
20. 0 Неточно
21. 0 Неточно
22. X Точно

**Прашања со понудени одговори**

(За секое точно прашање 3 поени

1. Б
2. В

**Страна 3**

**Прашања со кратки одговори**

1. 6 поени
   Кога сатаната се обидува да те натера да ги прекршиш Божјите закони за да исполниш одредена потреба или желба во твојот живот.

# Искушение
## Тест 5$^{то}$ Издание
## Одговори

**Страна 3**

2. 12 поени, 2 поена за секој дел
   (Само 6 одговори се задолжителни)
   Предложени одговори:
   1. Приближи се поблиску до Бог
   2. Читај Библија
   3. Препознај ги твоите главни искушениа
   4. Препознај ја потребата или желбата
   5. Откриј го Божјиот начин за исполнување на твоите потреби
   6. Заветувај се дека твоите потреби посветено ќе ги исполнуваш на Божји начин
   7. Ослободи се од грешните желби
   8. Развивај Богоугодни желби
   9. Користи ги Библиските вредности за да процениш какви се твоите желби
   10. Научи како да ги спречиш искушенијата

3. 18 поени, 3 поени за секој дел
   1. Сфати дека си искушуван
   2. Кажи “НЕ" на искушението
   3. Почни да разговараш со Бог
   4. Запрашај се себеси, “Која потреба сатаната сака да ме натера да ја исполнам?”
   5. Види кои се Божјите начини за да се избавиш од ова искушение
   6. Постави си цели кои ќе ти помогнат да ги исполниш твоите потреби на Божји начин

4. 6 поени
   Предложени одговори:
   Потреба е нешто што мора да го имаш за животот да ти биде целосен и исполнет.
   Желба е нешто што сакаш да го имаш, но можеш да живееш и без тоа.

**Страна 4**

5. 8 поени, 2 поена за секој дел
   Лични одговори

6. 8 поени, 2 поена за секој дел (Само 4 одговори се задолжителни)
   1. Признај го твојот неуспех
   2. Препознај ја твојата потреба или желба и направи план како да ја исполниш истата на Божји начин
   3. Оцени ја твојата посветеност на Христос
   4. Повикај се на Божјите ветувања за сила
   5. Не се обвинувај себеси

7. Стихови за учење напамет
   14 поени, 7 поени за секој стих

   1 Коринтјаните 10:13
   Јаков 4:7-8

**Честитаме**

____________________________________________

ги исполни академските услови за

# Искушение

Ја цениме твојата посветеност која ја покажа за време на часовите и се надеваме дека ќе продолжиш во твојот живот успешно да ги применуваш Библиските поуки кои ги научи на овој курс.

Учител____________________________________

Датум_________________________

**Честитаме**

____________________________________________

ги исполни академските услови за

Искушение

Ја цениме твојата посветеност која ја покажа за време на часовите и се надеваме дека ќе продолжиш во твојот живот успешно да ги применуваш Библиските поуки кои ги научи на овој курс.

Учител____________________________________

Датум_________________________